# *С Т А Т У Т*

## на Организацијата на жените од Македонија во Швајцарија

## I. Општи одредби

### Член 1

**Означување**

Под името Организација на жените од Македонија во Швајцарија (ОЖМ-Ш) основана на 15. Мај 2004 год. во Триенген, Швајцарија, се води самостојно, независно, невладино и непартиско здружение, во кое жени од различна вероисповед, нација и политичка припадност или државјанство ги остваруваат своите заеднички општествени, економски, културни, социјални и хуманитарни интереси.

### Член 2

**Име и адреса**

| | |
|---|---|
| Името на Организацијата е двојазично: | Организација на жените од Македонија во Швајцарија |
| | Organisation Mazedonischer Frauen in der Schweiz |
| Скратен назив: | ОЖМ-Ш / OMF-CH |

Седиште на ОЖМ-Ш и официјална адреса е адресата на актуелната претседателка. На денот на усвојувањето на овој статут е следната адреса:

CH-5073 Gipf – Oberfrick

Bleumatthöhe 24

### Член 3

**Правна форма**

Правната форма на ОЖМ-Ш е здружение на граѓани со сите права и задачи во согласност со швајцарските закони (член 60фф од ЗГБ).

### Член 4

**Цели и задачи**

Преку својата дејност ОЖМ-Ш ги проследува следните цели:

- воспоставување еднаквост меѓу половите, подршка на правата на жените загарантирани со меѓународната конвенција и други универзални декларации без полова дискриминација.
- ја поддржува жената како индивидуа и врши допринос за нејзино поголемо учество во јавниот живот.
- борба против насилство врз жената, злоупотреба и трговија со жени.

- поддршка за еманципација на жената. Цел е ширење на женската мрежа во светот, подготвување и реализирање на проекти за осамостојување на жените.
- афирмација и презентирање на традицијата и културата на жената во животот.
- организирање и спроведување на активности, кои овозможуваат подобар контакт на жените Македонки во Швајцарија и жени од други националности.
- градење на долготрајни односи со организации со слични цели и организации чии цели се промовирање на мирот или заштита на човековата околина.
- допринос за интеграција во Швајцарија по пат на културни, спортски и хуманитарни активности на своите членови.
- соработка со религиозни установи, училиштата за дополнителна настава по мајчин јазик, швајцарски и странски институции чии цели се соодветни со целите на ОЖМ-Ш.

Начелно ОЖМ-Ш

- своите цели и задачи ќе ги исполнува преку самостојни активности, во соработка со други асоцијации на жени во Швајцарија, Република Македонија и други земји.
- самостојно организирање и остварување на целите и интересите утврдени со овој Статут, без политичко учество.
- нема да врши политички активности и нема своето име, имот и средства да ги користи за остварување на цели на политички здруженија или здруженија чии цели не се соодветни со целите на ОЖМ-Ш.

# II. Членство

## Член 5

**<u>Членство</u>**

Член на ОЖМ-Ш можат да бидат полнолетни жени, без разлика на државјанскиот статус, вероисповед или политичка припадност, кои привремено или постојано живеат на територијата на Швајцарија. Во ОЖМ-Ш може да се зачлени и легално организиран облик на здружение чии цели се соодветни со целите утврдени со овој Статут.

## Член 6

**<u>Состав</u>**

- ОЖМ-Ш се состои од редовни членови, почесни членови и донатори -помагатели.
- Редовни членови се членови кои редовно плаќаат членарина и активно учествуваат во активностите на ОЖМ-Ш.
- Почесни членови се членови кои ги именува Генералното собрание и немаат право на глас.
- Донатори и помагатели се правни и физички лица кои финансираат одредени активности на ОЖМ-Ш и немаат право на глас.

## Член 7

**<u>Зачленување</u>**

Зачленувањето во ОЖМ-ШК се врши со пристапница која при исклучување или престанок на членувањето задолжително се враќа. Секој член добива членска картичка која се заведува во картотеката на ОЖМ-Ш. На членската картичка покрај името и презимето означено е и логото на ОЖМ-Ш, членскиот број како и датумот на

зачленувањето. На задната страна на картичката се наведени во кратки црти основните цели на ОЖМ-Ш.

## Член 8

**<u>Членарина</u>**

Секој член има обврска да плаќа членарина која се уплатува на почетокот на годината. Износот на членарината се утврдува на Генералното собрание по предлог на Управниот одбор.

## Член 9

**<u>Истапување</u>**

Членувањето во ОЖМ-Ш престанува со:

- лично барање за истапување од членство
- исклучување од членство

Членот може да истапи од ОЖМ-Ш по сопствено барање и слободно изразена волја. Членот се исклучува од членство во случај на непочитување на статутарните определби и ако неговото делување е спротивно од интересите, целите и задачите на ОЖМ-Ш.

Одлука за исклучувањето донесува Генералното собрание на ОЖМ-Ш, по барање на најмалку 5 члена. Одлуката се донесува со едноставно мнозинство на гласови од сите членови на Генералното собрание.

## Член 10

**<u>Права и обврски</u>**

Членот на ОЖМ-Ш ги има следните права и обврски:

- активно да учествува во работата на ОЖМ-Ш.
- објективно и сестрано да се информира.
- да го чува угледот на ОЖМ-Ш.
- редовно да плаќа членарина.
- има право на признанија и пофалби за својата активност.
- други права и обрврски согласно со изготвениот деловник на ОЖМ-Ш.

# III. Организација

## Член 11

**<u>Органи на ОЖМ-Ш</u>**

- Генерално собрание (ГС)
- Управен одбор
- Контролна комисија

## Член 12

**<u>Генерално собрание</u>**

Генералното собрание го сочинуваат сите членови од сите регионални секции, како и членови-поединки.

Генералното собрание го свикува претседателката по писмен пат и тоа најмалку три недели пред тоа да се одржи.

Генералното собрание може да биде свикано и од Управниот одбор со мнозинство на гласови или од мнозинството на вкупниот број членови.

Управниот одбор или мнозинството на вкупниот број на членови го доставуваат предлогот за свикување на ГС до претседателката по писмен пат. Доколку претседателката не одговори на предлогот со свикување на ГС во рок од 14 дена, имаат право тие да свикаат ГС.

## Член 13

**<u>Права и обврски на Генералното собрание:</u>**

Генералното собрание има обврска да заседува еднаш годишно за решавање на следните задачи:

- ја избира и разрешува претседателката
- избира членови во управниот одбор
- усвојува годишен буџет
- усвојува годишна завршна пресметка
- усвојува Статут или измени и дополнувања на истиот
- одлучува за исклучување од членство
- полноважни одлуки се донесуваат со едноставно мнозинство на гласови
- одлучува за членување, здружување или разделување со други организации и асоцијации или други облици на соработка, чии цели се идентични со целите на ОЖМ-Ш

## Член 14,

**<u>Управен одбор</u>**

Управниот одбор се состои од:

1. претседателка
2. потпретседателка
3. секретарка (записничарка)
4. благајничка
5. останатите координаторки на регионалните секции (бројот на членовите на Управниот одбор зависи од бројот на формираните секции кои делуваат на територијата на Швајцарија).

## Член 15

**<u>Права и обврски на Управниот одбор:</u>**

Управниот одбор ги има следните надлежности:

- ги организира, спроведува и координира активностите на ОЖМ-Ш и се грижи за спроведување на целите и задачите утврдени со овој Статут.
- одржува состаноци најмалку еднаш на три месеци, а по потреба и почесто.
- ги избира своите функционери со гласање (едноствно мнозинство).
- го изготвува Статутот и по потреба врши измена и дополнувања на истиот доколку за тоа се изгласа на ГС.
- донесува одлуки по прашања или предлози од секциите.

- изготвува годишна програма и дава насоки и план за работа.
- одлучува за основање на нови секции.
- предложува на ГС за прием на нови членови или престанок на членување.
- врши и други работи во согласност со Статутот на ОЖМ-Ш.
- донесува предлог за почесно членство
- одлуките се полноважни ако се донесат со мнозинство на гласови

## Член 16

**Претседателка**

Претседателката на ОЖМ-Ш се бира секоја втора година. Претседателката на ОЖМ-Ш се избира со мнозинство на гласови од Генералното собрание.

Претседателката на ОЖМ-Ш е воедно и претседателка на Управниот одбор и ги свикува и води седниците на Управниот одбор

Претседателката, во согласност со Управниот одбор, писмено го свикува Г.С.

## Член 17

**Задачите на Претседателката:**

- го претставува ОЖМ-Ш пред други организации, здруженија, институции или асоцијации
- учествува на состаноци на други организации, здруженија, институции и асоцијации
- со одлука на Управниот одбор доделува признанија и награди
- определува некој од членовите за учество на состаноци на други организации, здруженија и институции.
- овластен потписник е и заедно со благајникот раководи со сметката на ОЖМ-Ш
- одговорна е за својата работа пред Управниот одбор и пред Генералното собрание

## Член 18

**Потпретседателка**

Потпретседателката на ОЖМ-Ш вообичаено е и заменик на претседателката и се избира од Управниот одбор со мандат на две години.

## Член 19

**Секретарка**

Секретарката (записничарка) води записник од состаноците на Управниот одбор и Генералното собрание. Таа води евиденција на адресите, исто така врши контрола на нови пријавувања и истапувања. Таа се избира од Управниот одбор со мандат на две години.

## Член 20

**Благајничка**

Благајничката ја носи одговорноста за коректно финансиско работење на ОЖМ-Ш. Таа го информира Управниот одбор ако постои опасност од пречекорување на предвидениот буџет. На Генералното собрание ја презентира годишната завршна сметка и буџетот за наредната година. Таа се избира од Управниот одбор со мандат на две години.

## Член 21

**<u>Контролна комисија</u>**

Контролната комисија е сочинета од 2 члена (ревизорки). Нив ги бира Генералното собрание со мандат на две години.

## Член 22

**<u>Права и обврски на Контролната комисија:</u>**

Ревизорките не можат да бидат членови на Управниот одбор. Ревизорките вршат контрола на годишниот биланс (годишна завршна сметка) изготвен од благајничката и го известуваат Генералното собрание писмено и усно за извршената контрола.

## Член 23

**<u>Регионални секции</u>**

- За полесно работење на ОЖМ-Ш на територијата на Швајцарија со оглед на местото на живеење се формираат регионални секции. Секоја секција се состои од најмалку 10 члена.
- Секција која има повеќе од 20 члена има право на две претставнички во Управниот одбор.
- Ако една регионална секција брои повеќе од 25 члена постои можност за формирање на нова секција во истиот регион.
- Секоја секција има координаторка која воедно е и претставник на секцијата во Управниот одбор на ОЖМ-Ш а истовремено е и нејзин член. Координаторката се бира со едноставно мнозинство од членовите на секцијата. Координаторката на секцијата има задача да ги пренесува ставовите, мислењата и предлозите на секцијата на состаноците на Управниот одбор.
- Секциите писмено го известуваат Управниот одбор за изборот на ополномоштената координаторка.
- Координаторката на секцијата ги надгледува активностите на секцијата, свикува состаноци на ниво на секцијата, ги информира членовите за активностите на ОЖМ-Ш и за постигнатите резултати, врши и други работи согласно основните цели и задачи предвидени со овој Статут.
- Координаторката е со мандат од две години.

## Член 24

ОЖМ-Ш доделува признанија на членови кои се особено активни во остварување на програмските определби, цели и задачи определени со овој Статут.

## Член 25

Работата на ОЖМ-Ш е јавна и може да употребува различни технички средства за информирање како:

- брошури
- списанија
- едукативен материјал со интересни теми за жената

Прашањата кои не се регулирани и утврдени со овој статут се утврдуваат со акти на Управниот одбор.

Во случај на судски спор, надлежен е судот каде што се наоѓа седиштето на ОЖМ-Ш.

# IV. Финансии

## Член 26

**Финансии и прилози**

Тековните сметки на ОЖМ-Ш се финансираат од следниве извори:

- членарина
- подароци
- додатоци и прилози
- средства од државна  или невладина институција наменети за поддршка на одделни програмски активности
- самофинансирање преку сопствена работа
- други приходи, кои се во согласност со важечките прописи на Швајцарија

## Член 27

Средствата се користат рационално, домаќински и наменски, а во согласност со финансискиот план на ОЖМ-Ш и согласно со целите и задачите содржани во Статутот на ОЖМ-Ш.

## Член 28

Управниот одбор на ОЖМ-Ш управува со имотот. На состаноците на Управниот одбор се одлучува за што ќе бидат употребени постоечките средства.

## Член 29

Работата во ОЖМ-Ш е на доброволна база и без финансиски надоместок.

## Член 30

Неизбежните материјални трошкови се надоместуваат само врз основа на документ (фактура, сметкопотврда и слично).

## Член 31

ОЖМ-Ш не може да врши стопанска дејност.

# V. Ревизија на Статутите

## Член 32

**Ревизија на Статутите**

За ревизија на Статутите се донесува одлука на годишното собрание. Барања за ревизија на истите се означува во поканата за состанок.

# VI. Престанок

## Член 33

**Престанок на работа на ОЖМ-Ш**

За престанок на работата на ОЖМ-Ш одлучува Генералното собрание со најмалку двотретинско мнозинство од сите присутни членови. Предлогот за престанок на здружението мора да биде објавен најмалку два  месеца пред за тоа да одлучува Собранието.

## Член 34

**Останати средства**

Во случај на престанок на ОЖМ-Ш средствата кои останале на сметката се префрлаат на сметка на хуманитарно здружение кое ќе биде определено со одлука на Генералното собрание.

## Член 35

Овој статут е усвоен на Генералното собрание на ОЖМ-Ш од 16. април 2005 год. во Лугано-Швајцарија, и  го заменува тој од 11. септември 2004 год.

Организација на жените од Македонија во Швајцарија (ОЖМ-Ш)

| Претседателка | Секретар |
|---|---|
| Vouga Véronique | Juvan Kamelija |